Сиг. 0801-41

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Инв. Бр. 2/4

Република Македонија Министерство за образование и наука Биро за развој на образованието Библиотека Скопје

НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА ИЗБОРНИ СОДРЖИНИ ПО

# *ЛИКОВНА УМЕТНОСТ*

ЗА III ГОДИНА

Скопје, мај 2002

**Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со решение бр. 11-4029/1 од 03.07.2003 година**

## ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет – изборни содржини:** *ликовна уметност*

**1.2. Вид на средно образование:** *гимназиско образование*

**1.3. Година (фаза) на изучување на изборните активности:** III (трета) година

**1.4. Број на часови на изборните активности:**
1.4.1. Број на часови седмично: 2 (два) часа
1.4.2. Број на часови годишно: 72 часа (за секој ученик што ќе ја избере активноста)

**1.5. Статус на наставниот предмет:** *изборни програми и содржини по ликовна уметност*

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА НАСТАВАТА

Цел на изборните содржини и активности по ликовна уметност е учениците да ги надградуваат способностите, знаењата и умеењата согласно индивидуалните предиспозиции, интереси и желбата за задоволување на естетските и емоционалните потреби за изразување, комуникација и творештво. Меѓу другото, обуката кај учениците ќе влијае за натамошно збогатување на ликовниот израз и културата преку истражување и експериментирање во творештвото и стекнување нови теоретски и практични сознанија во рамките на современите движења во уметноста и културата кои ќе бидат во функција на натамошното образование и професионалната ориентација.

### 2.2. Посебни цели на изборните содржини и активности по ликовна уметност

- Учениците да формираат интегрално сфаќање за животот и да го разбираат значењето на уметноста и културата во општеството и личниот живот;
- да го развиваат мисловниот процес, визуелниот и естетскиот сензибилитет за откривање и доживување на убавото во природата, ликовните и другите уметнички дела;
- да ги искажуваат индивидуалните замисли и претстави преку ликовни креации, вербално и во пишана форма;

- да ги откриваат ликовно – естетските вредности на ликовно дело и да умеат да извршат естетска анализа според сопствените видувања;
- да создаваат интерес за посета на ликовни изложби и манифестации, музеи и споменици на културата и да ги доживуваат уметничките и креативните содржини и пораки;
- да учествуваат на ученички изложби и манифестации од областа на културата;
- да ги откриваат постапно сопствените афинитети за одредено ликовно подрачје, техника и постапка на работа;
- да создаваат нови ликовни искуства во употребата на ликовни материјали и техники за работа;
- да ги воочуваат заедничките карактеристики во уметностите (музика, танц, театар, литература, филм ТВ и др.) и да изработуваат мултимедијални проекти;
- да ги негуваат културните вредности на сопствениот и на другите народи и да забележуваат карактеристики на одредена култура, епоха и уметнички стил и др.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА И РАЗВИЕНИ СПОСОБНОСТИ

За постигнување на целите на изборните содржини и активности по ликовна уметност и успешното занимавање со уметноста и творештвото, неопходно е користење на предзнаењата и стекнатите способности од основното образование и искуствата стекнати во гимназиското образование од областа на ликовното творештво и уметностите, природнонаучната и општествената група предмети.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Изборните содржини и активности по ликовна уметност ќе се реализираат според слободниот избор од понудените модули (ликовни подрачја и дисциплини) содржани во Програмата, односно волјата на учениците да творат и да се занимаваат со одредени области од ликовната уметност, дизајнот и теоријата на уметноста. Наставата ќе се реализира во групи составени хетерогено од ученици од различна возраст, но формирани според определениот интерес и афинитетот да се занимаваат со одредено ликовно подрачје од ликовното творештво, односно применетата уметност, архитектурата, теоретската работа и др. Едукацијата ќе се одвива и при посета на музеи, изложби и други установи од областа на културата. Воспитно – образовниот процес во глобала ќе се остварува вон редовната настава, зависно од просторните, материјално – техничките и другите услови на училиштето и од интересот на учениците. Активностите ќе се спроведуваат во спонтана и слободна амосфера со цел да дојде до израз креативноста, творечката имагинација и индивидуалноста на учениците.

### 4.1. Структуирање на содржините за развој на ликовно – творечките способности и знаења

4.1.1. Обликување на плоштина

| **Тематски целини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|
| **ЦРТАЊЕ**<br><br>- Ликовен јазик (елементи и принципи) | Ученикот:<br>- да применува ликовни елементи и принципи според индивидуалните определби и сензибилитет;<br>- да користи видови и карактер на линии, светло – темно (и светло – сенка), разни постапки во цртањето др.;<br>- да совладува и применува нови (и стандардни) ликовни материјали и техники;<br>- да конципира и изработува проект за цртеж (текстуален дел, скици, картон, студија, детал и др.) и во функција на друго ликовно дело;<br>- да експериментира и истражува со примената на ликовниот јазик, ликовните материјали и техники и др.;<br>- да црта по набљудување, помнење и фантазија на теми и мотиви од природата, животот и работата на човекот. | - Да разговара за ликовната идеја и концепцијата за реализацијата на делото;<br>- да ги упатува учениците да експериментираат и истражуваат;<br>- да организира цртање на портрет, фигура и др. според гипсени модели од античката и ренесансната уметност;<br>- да демонстрира разни цртачки техники во цртањето;<br>- да разговара за резултатите на реализираните ликовни творби и заеднички да вреднуваат дела - репродукции од познати творци од минатото и денес и ученички творби. | - Историја (историја на уметноста),<br>- биологија,<br>- физика. |

4.1.2. Обликување на плоштина

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **СЛИКАЊЕ**<br><br>- Ликовен јазик | Ученикот:<br>- да користи хармонија на бои и други ликовни елементи и принципи според личен избор и сензибилитет;<br>- да испитува и применува нови сликарски постапки и ликовни материјали;<br>- да слика самостојно или во група творба од голем формат;<br>- да изработи (учествува во изработката) мултимедијален проект: акција, перформанс, интервенција во просторот и др.;<br>- да експериментира, комбинира и истражува во примената на колористичките вредности и др.;<br>- да користи теми и мотиви по сопствен избор за индивидуална работа или за работа во група наменети за естетско уредување на ентериерот и екстериерот на училиштето;<br>- да користи компонирање, рекомпонирање, трансформирање од една состојба во ликовен израз. | Наставникот:<br>- да разговара за новите движења и појави во ликовните уметности и во културата;<br>- да покажува и анализира ликовни и други уметнички остварувања;<br>- да го демонстрира процесот на примена на комбинирани и други техники;<br>- да организира посета на изложби, споменици на културата, ателје и разговор со уметник и други стручни лица;<br>- да ги упатува учениците во користење на стручна литература, Интернет и други извори. | - Историја (историја на уметноста);<br>- музика, физика, биологија, литература. |

4.1.3. Обликување во просторот

| Тематски целинии | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **СКУЛПТУРА**<br><br>- Ликовен јазик (елементи и принципи) | Ученикот:<br>- да применува форми, големина и други ликовни елементи и принципи според личен избор;<br>- да изработи скулпура и релјеф (резба и др.) во материјал (дрво, камен метал и др,);<br>- да користи разни медиуми и материјали во изработката на проект за облагородување на ентериерот – екстериерот на училиштето;<br>- да изработува асамблаж (комбинира разни материјали) и да истражува во рамките на скулп-торските и колористичките вредности и др.;<br>- да користи теми и мотиви од природата и животот;<br>- да твори по набљудување, помнење и фантазија | - Да ја организира работата со учениците, уредувањето на просторот - ателјето и примената на материјали - алати и др;<br>- да разговара за новите движења и појави во ликовната уметност и во културата;<br>- да поттикнува заедничка анализа на скулптури од разни периоди и правци;<br>- да демонстрира фази од процесот на обликување на скулптурата: со додавање и одземање зависно од материјалот. | - Историја (исто-рија на уметноста – архитектура, скулптура); биологија, физика литература;<br>- музика. |
| **АРХИТЕКТУ-РА И УРБАНИЗАМ**<br><br>- Ликовен јазик (елементи и принципи) | Ученикот:<br>- да препознава елементи и карактеристики на архитектурата од старите цивилизации и современото градежништво;<br>- да разликува видови архитектонски објекти (станбени, јавни, сакрални, воени) од стар, среден век и од современата архитектура;<br>- да забележува и анализира ликовно - естетски и функционални вредности на архитектонски објекти; | - Да покажува и коментира изработени цртежи, проекти, макети и реализации на јавни објекти: станбени (вила) мост, театар, стадион и сл.;<br>- да го објасни процесот на настанување на градбата од идеја до завршна фаза;<br>- да покажува и анализира изработени макети или реализиран проект на ар-хитектонски објект или друг урбан-истички простор-парк, плоштад и сл.; | - Цртање, сликање, историја на уметноста, биологија, физика, литература. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - да изврши анализа на знаменит архитектонски објект;<br>- да препознава традиционални и современи материјали во архитектурата и нивните ликовни и функционални карактеристики;<br>- да ја познава основната организација на просторот за живеење (населби, градови);<br>- да ја познава основната урбанистичка инфраструктура (сообраќајници-улици, плоштади, паркови, водовод, канализација и др.);<br>- да умее да "чита" архитектонски план и изработува во елементарен вид скици и цртежи за одреден архитектонски објект;<br>- да организира соработка и консултации со архитекти, урбанисти и други стручни лица во оформувањето на индивидуален проект;<br>- да изработува макета на архитектонски објект по своја замисла. | - да организира посета на објект во изградба. | |

4.1.4. Обликување на плоштина

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **ГРАФИКА**<br><br>- Ликовен јазик | Ученикот:<br>- да користи ликовни елементи и принципи според личен избор и сензибилитет;<br>- да применува боја во графичкиот израз;<br>- да користи разни ликовни материјали и техники на висок рамен и длабок печат (и комбинирани техники);<br>- да учествува самостојно или во група на ученички или аматерски изложби;<br>- да користи разни теми и мотиви во творештвото по набљудување, помнење и фантазија. | - Да демонстрира и да го објаснува процесот и карактеристиките на дрворезот како графичка техника;<br>- да ги упатува учениците за изработка и реализација на проект;<br>- да организира изложби (интерни и екстерни);<br>- да организира посети на музеи, галерии, споменици на културата и ателјеа на уметници. | Историја (историја на уметноста, биологија, физика, литература-фолклор, музика. |

4.1.5. Обликување на плоштина и во просторот

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **I. ДИЗАЈН**<br><br>1. ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН<br><br>**- Ликовен јазик** | Ученикот:<br>- да изработи идејно решение за амбалажна реклама (прибор за лична хигиена, прехрана и др.);<br>- да применува нови ликовни материјали и техники;<br>- да користи мотиви, ликовни материјали и техники согласно сопствените желби. | - Да го упатува ученикот кон нови идеи и остварувања;<br>- да организира средба со дизајнер и посета на дизајнерско биро, саем и др.;<br>- да покажува и коментира содржини од стручна литература и списанија. | Цртање, сликање, историја на уметноста. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. КОМПЈУТЕР-СКА ГРАФИКА | Ученикот:<br>- да изработи на компјутер клипард сликички, цртежи, симболи и др.;<br>- да конструира нов вид на букви. | - Да го насочува ученикот во нови можности за технички остварувања;<br>- да разговара за нови идеи и за резултатите од изработените ликовни остварувања;<br>- да организира посета на печатница и запознавање со технички помагала: (печатар, плотер, катер, инџет и др.). | Информатика |
| 3. ИНДУСТРИ-СКИ ДИЗАЈН | - Да изработи нацрт – идејно решение за обликување на предмет од секојдневна употреба (телевизор, телефон, квака за врата, играчки и др.);<br>- да изработи нацрт – идејно решение за нов дизајн за возило на иднината;<br>- да дизајнира спортско возило и др. | - Да покажува и анализира дизајнерски остварувања;<br>- да укажува на естетските, функцио-налните вредности, практичноста на предметот - машината (аеродинамич-ност и др.). | |
| 4. КУКЛАР-СТВО | - Да дизајнира кукла со фолклорни мотиви;<br>- да изработи макета на кукла и да учествува во проект за изработка на куклена претстава. | - Да организира изработка на кукли за куклена претстава. | |
| 5. ДИЗАЈН НА НАКИТ | Ученикот:<br>- да нацрта и да направи филиграски предмет од различни материјали (жица, фолија, стари пари, мониста и др.)<br>- да изработи дизајн за накит (бижутерија) користејќи разни материјали (глинамол, тенок лим, тељ и друго). | - Да организира посета на занаетчиски дуќан за изработка на филиграски предмети;<br>-да демонстрира и ги насочува учениците во работата. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. КАЛИГРА-ФИЈА | Ученикот:<br>- да умее да пишува со трска, перце, четки видови букви од разни стилови и епохи;<br>- да разликува специфики на писмо од периодот на антиката, готиката и современото писмо. | - Да ја организира работата со учениците;<br>- да обезбеди литература со видови писмо од разни периоди;<br>- да организира посета на изложба со дела од применетата уметност. | |

4.1.6. Обликување на плоштина

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематски целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **ФОТОГРА-ФИЈА**<br><br>- Фотографијата како медиум | Ученикот:<br>- да наведува сознанија за фотографијата како медиум, нејзината појава и развој;<br>- да ја дефинира функцијата на фотографијата: документарна, комуникациска, уметничка и пропагандна - рекламна;<br>- да даде осврт за улогата на фотографијата (сликата) во другите медиуми: филмот, ТВ, видеото, компјутерот. | - Покажува примери на користење на фотографијата во печатот, науката, уметноста и за лични потреби;<br>- ја објаснува улогата на фотографијата;<br>- анализира содржини од видеокасети. | - Историја, информатика,<br>- ликовна уметност |
| ФОТОАПАРАТ | - Да ја дефинира улогата на светлината во фотографијата (камера опскура);<br>- да ја познава конструкцијата на камерата (фотоапаратот), неговите делови: темна комора, објектив-систем на леќи, визир, механизам за прием и пренос на филмот, чкрапец, затворач, филм; систем на изострување-тражило;<br>- да ги познава карактеристиките на класичните | - Разговара за улогата на светлината во фотографијата;<br>- демонстрира расклопување на главните делови на фотоапарат;<br>- го објаснува принципот на работа на класичните и современите (дигитал-ните) фотоапарати; | - Физика, хемија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | фотоапарати и на дигиталните камери;<br>-да ја објаснува улогата на апаратот за зголемување, функционирањето и другата опрема на фотолабораторијата;<br>-да ја дефинира улогата на филмот, емулзија, видовите филмови (црно-бели и колор, осетливост, ознака по ДИН, АСА), процесот на развивање, фиксирање и миење;<br>-да го објаснува процесот на зголемување, осветлување - копирање, миење и фиксирање на црно-бела фотографија;<br>-да ја наведува улогата на друг прибор за фотографирање (статив, телеобјективи и др.). | - ја објаснува улогата на филмот (црно-бели и колор) и развивачи фиксир, видови фотографска хартија за копирање;<br>- дава пример на организација на фотолабораторија;<br>- демонстрира зголемување - копирање на фотографија. | |
| СНИМАЊЕ | Ученикот:<br>- да забележува ликовна вредност на мотив, социјален проблем или актуелен настан за снимање;<br>- да умее да кадрира и компонира мотив во тражилото на фотоапаратот, односно на форматот на фотографијата;<br>- да ги забележува (и креативно користи) светло-темните односи (светло-сенката) на црно-белата фотографија и боите во колор фотографијата;<br>- да користи различни можности на природното и вештачкото осветлување (директно, индиректно, отстрана и дифузно);<br>- да го објаснува принципот на работа на видеокамерата и начинот на користење;<br>- да фотографира со фотоапарат (класичен или дигитален) и да снима со видеокамера. | - Да организира набљудување на мотиви и откривање на ликовни вредности;<br><br>- да објаснува и демонстрира кадрирање на мотив и видови композиција (хоризонтална, вертикална, дијагонална, спирална композиција);<br>- да демонстрира разни видови осветлување;<br><br>- да го објасни составот на видеокамерата и начинот на користење. | – Ликовна уметност, физика, социологија, психологија. |

4.1.7. Теорија на уметноста

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА** | Ученикот:<br>- да ја препознава хронологијата и карактеристиките на развојот на ликовните уметности од разни историски епохи и културите на различните народи;<br>- да ја разбира поврзаноста и меѓусебните влијанија на општествените, економските и културните појави;<br>- да посетува изложби, ликовни манифестации и да следи преку медиумите актуелни настани од ликовната уметност и културата;<br>- да изготви анализа (во пишана форма) на естетските и други вредности на одредено дело или опус на творец;<br>- да проучи и изработи осврт – анализа на одредена епоха; уметнички стил; ликовен творец оспоред сопствен избор;<br>- да подготви и реализира излагање (предавање) за свои соученици или други групи слушатели;<br>- да изработи проект за истражување на актуелно ликовно движење, автор или друго;<br>- да користи Интернет, ЦД и други извори. | Наставникот:<br>- да обезбеди и приложи (посочи) стручна литература на учениците;<br>- да поттикнува разговор и анализирање на ликовни дела (репродукции или оригинали);<br>- да посочува теми за изработка на проекти, предавања или истражувања;<br>- да ја координира работата на групите ученици кои се определиле за творештво од разни ликовни подрачја;<br>- да организира посета на музеи, галерии и установи од културата и средби со стручни лица - историчари на уметноста, кустоси и други;<br>- да подготвува услови за интерни средби (трибини) на учениците кои избрале различни програми – модули на изборни активности;<br>- да воспоставува комуникација со ликовни педагози и други експерти од други училишта или држави. | - Историја, литература, музика, ликовна уметност. |
| 2. ЕСТЕТИКА | Ученикот:<br>- да го поврзува во општи црти развојот на естетиката во рамките на филозофијата и | - Да формира услови за работа на групите ученици;<br>- да организира комуникација и посета | Филозофија, литература, музика, ликовна уметност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | етиката од антиката до денес (Аристотел, Хегел, Арнолд Хаузер);<br>- да следи и коментира ликовни критики и расправи за естетиката во стручниот и дневниот печат;<br>- да изработи осврт, студија на одредена тема од естетиката;<br>- да изработи анализа (критика) за ликовна поставка - изложба на автор или група автори;<br>- да изготви предговор за ученичка изложба или друга пригода. | на Одделението за естетика во Филозофскиот факултет и разговор со естетичари, филозофи, критичари на уметноста и други;<br>- да разговара и коментира одредена содржина од естетиката како наука. | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Реализацијата на Наставната програма за изборните активности по ликовна уметност ќе биде проследена со користење на стандардните форми и методи на работа и учење и посовремени постапки од кои ќе доминираат: фронталната и индивидуалната форма, работа во парови и групи и методите на практично – творечка работа и др. Меѓутоа, поради карактерот на изборноста на предметот, во работата ќе провладува иницијативноста и самостојната работа на учениците при што слободното делување и проектирање на потенцијалите, ученикот во своите ликовни реализации ќе ја манифестира својата личност, размислувања, ставови, погледи кон естетиката и друго. Во работата ќе се настојува на зголемена комуникација со вонучилишните фактори: ликовни и други творци од уметноста и културата (посета на ателјеа и работилници, дизајнери, соработка со стручни лица од културата, стопанството и др.).

**Учениците** во својот развој претежно ќе бидат ангажирани во практично – творечка работа (цртање, сликање, скулптура, графика и др.), но паралелно ќе се надградуваат теоретски со цел да стекнат поцелосни знаења и способности кои би ги користеле евентуално и за нивното идно професионално ориентирање.

**Наставникот** во глобала ќе ја организира и ќе ги поттикнува учениците во работата, ќе ги упатува во процесите на ликовното творештво (од инспирација, идеја, подготовки, изработка на проект и др.), до реализација на творбата за одредена намена (декорирање на просторот или самостојна функција на творбата). Наставникот ќе ги посочува можностите за индивидуален развој на секоја личност во рамките на културата и општеството, ќе ги упатува учениците да извршат избор од понудените во Програмата модули (ликовните подрачја и дисциплини), техники и др.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

За остварување на целите на изборните активности по ликовна уметност, неопходни се одредени услови меѓу кои најбитен е кабинетот или адаптираната училница по ликовна уметност која не само што треба да биде опремена со соодветен инвентар и нагледни средства, туку и пожелно е да биде организирана по работни катчиња за реализација на посебни ликовни подрачја (цртање, сликање, скулптура и др.) и одредени ликовни техники. Овие работни катчиња треба да бидат опремени со соодветна опрама и материјали за наменска работа. Дел од наставата може да биде спроведена и на отворен простор, во музеј, ателје или во некоја работна организација - проектантско и дизајнерско биро и сл. Овие можности може да се користат за работа со групи или индивидуално од ученици кои во рамките на замислата и проектот покажале иницијативност и интерес. Учениците можат да одберат еден од понудените модули од програмата и да работат одреден период (неколку месеци, едно полугодие и сл.) или после задоволувањето на интересот ќе можат да изберат друг модул (ликовно подрачје, ликовна дисциплина). Секако ученикот може да се определи за едно ликовно подрачје, на пример, сликарство и да се занимава со сликањето во текот на целата годинк35 трета и четврта учебна година.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Реализацијата на теоретската и практичната работа бара обезбедување на стручна литература, материјално-технички средства (дијапроектор, епископ, видео и др.), ликовни материјали, алати и помагала, компјутер - Интернет и др. Неопходно е кабинетот да располага со соодветен мебел за наменска работа, односно сликарски и скулпторски штафелаи (ногари), посебна маса и преса за изведување на графички техники и др. Од теоретската работа која треба да тече паралелно со творечката дејност, покрај користењето на стручна литература и списанија потребни се комплети на репродукции, дијапозитиви, ЦД, видеокасети и др.

#### 4.4.1. Учебници и учебни помагала за учениците

Користење во практични цели на учебниците од редовната настава:

- Ликовна уметност - 2 елементи и принципи од Борко Лазески;
- Ликовна култура – 1 историја на уметноста од Владимир Величковски;
- Енциклопедии (за уметноста и друго), монографии, стручни списанија и литература според изборот и можностите на ученикот.
- ЦД, видеоснимки (видеокасети) од историјата на уметноста, познати автори и дела, разработка на некоја ликовна техника и др.

### 4.4.2. Дополнителна литература за наставниците

За наставникот се препорачува следната стручна литература:
- Методика по ликовно воспитание и образование;
- Прирачници за наставници и студенти;
- Историја на уметноста од Џонсон, Пискел или друг автор; стручни списанија и литература по избор на наставникот;
- Архајм Рудолф: Уметност и визуелно опажање, Београд 1971;
- Архајм Рудолф: Уметност и визуелно мишљење, Београд, и други.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето е присутен сегмент на работата и решавањето на секојдневните проблеми. Тоа е тесно поврзано со развојот, напредувањето и откривањето на нови вредности. Следствено, следењето и оценувањето на постигањата на учениците е значаен процес во образованието и воспитанието кое се спроведува во разни видови и можности.

Согласно концепцијата и улогата на изборните содржини во наставниот план за гимназиско образование, оценувањето на учениците нема да се спроведува во класична форма (со цифрена или описна оценка), туку ќе се реализира во слободна атмосфера на размена на мислења и разговори за квалитетот на изработените ликовни дела и други задачи од обласла на културата. Оценувањето ќе се реализира преку самооценување, односно елаборирање на содржината на одредена ликовна творба, излагање на концепцијата за творечките замисли за одредено дело или период на ликовно изразување на авторот и друго. Разговорот и размената на мислењата за остварените резултати треба да влијаат поттикнувачки во натамошниот развој на способностите на учениците. Меѓу другото, самооценувањето и размената на мислењата ќе влијае на наградбата на општиот и ликовниот критериум на ученикот.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Од наставниот кадар се очекува да ги поседува следните карактеристики на **персонални, стручни и педагошки** вредности:

Наставникот треба да биде солиден организатор и инвентивен работник кој умее да даде поголема ширина на воспитно-образовниот процес при што ќе умее работата во училиштето да ја поврзе со надворешните фактори: установи, претпријатија,

стручни лица и творци. Суштинска цел на Програмата е стекнатите способности и знаења во училиштето, ученикот да ги користи во учењето, секојдневната практика и, евентуално, во подготвувањето за идното професионално занимање.

**6.2. Стандард за наставен кадар**

Завршени студии на:
1. Факултетот за ликовни уметности – Педагошки оддел VII 1 степен;
2. Факултет за ликовни уметности VII-1 (оддел Сликарство, Вајарство, Графика) со положени испити од педагошко – психолошката група предмети и методиката на ликовното образование на Факултетот за ликовни уметности.

**6.3. Стандард за простор**

Програмските цели на изборните активности по ликовна уметност ќе се одвиваат во кабинет по ликовно образование опремен со материјално – технички и дидактички средства и мебел согласно Нормативот за простор и други потреби на наставата. Дел од наставата ќе се реализира и во други простори во училиштето и надвор од него, како на пример: музеи, дизајнерски бироа, на отворен простор и др.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7. 1. Датум на изработка:** март 2003 година.

**7.2. Состав на работната група:**

- Петре Наневски, советник за општествената група – Одделение за планирање и програмирање во БРО – Скопје
- Трајко Јовановски, советник за општествената група - Одделение за следење и советодавно - инструктивна работа со воспитно-образовниот кадар во Бирото за развој на образованието – Скопје
- Д-р Фехим Хусковиќ, асистент по методика на ликовното образование во Факултетот за ликовни уметности – Скопје
- Лидија Саздовска, наставник во гимназијата “Раде Јовчевски-Корчагин” – Скопје
- Теодора Андова-Фотева, историчар на уметноста, виш кустос во Музеј на град Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување 01.9.2003 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма изборни содржини по ликовна уметност ја одобри (донесе): ________________________________________

________________________________________со решение бр. __________________ од ____________година.